„Срцето на човекот, дури и кога ќе остари, останува младо во две нешта: во љубовта кон дуњалукот и во долгорочната надеж.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, рекол: Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Срцето на човекот, дури и кога ќе остари, останува младо во две нешта: во љубовта кон дуњалукот и во долгорочната надеж.“

[رواه البخاري] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека иако човекот телесно старее и слабее, неговото срце останува „младо“ – односно, желбите и стремежите не му стареат – во две работи: 1. Во љубовта кон дуњалукот – желбата за што е можно повеќе имот, раскош и уживања од овој свет. 2. Во долготрајната надеж – копнежот за долг живот и надевањето дека има уште многу време, без да се мисли на смртта и Ахиретот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66221